**ЗАПИСНИК**
**од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.04.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Горан Радуновиќ, м-р Емилија Јаневска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 18 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-дневниот ред информира дека предложената точка - Предлози за покренување на прекршочни постапки поради прекршувања на Изборен законик, ја повлекува од причина што не се случија прекршувања во претходните неколку дена од кампањата. Таа е предложена од внимание, во случај да има прекршувања на Изборен законик. Тоа што медиумите внимавале е добро и за кампањата, за самите медиуми и за Агенцијата. Посочи дека со оваа измена точката Разно ќе биде под број 3 и под неа ќе се разгледува Барање од еден радиодифузер за што членовите на Советот се претходно запознаени по меил и ќе дискутираат по тој основ. Информира дека предлагач на материјалите е раководителот на Секторот за економски работи Горан Радуновиќ, по овластување на директорот бидејќи г-дин Трајчевски бил на службено патување во странство.

Советот на Агенцијата, со предложените измени, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.04.2019 година.
2. Предлог за писмено укажување на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп за прекршување на член 61 од ЗААВМУ (начела за вршење на дејноста).
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за" и 1 воздржан глас од г-дин Фетаи го усвои предложениот Записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.04.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи предлогот за писмено укажување на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп за прекршување на член 61 од ЗААВМУ (начела за вршење на дејноста). Објасни дека со надзорот над изборното медиумско претставување на програмскиот сервис на овој радиодифузер, емитувано во периодот од 9 февруари до 31 март 2019 година, констатирано е прекршување на програмските начела за вршење на дејноста од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на: објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (член 61 став 1 алинеја 9) и самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика (член 61 став 1 алинеја 13). Во двата извештаи кои беа објавени во периодот пред кампањата беше констатирано дека радиодифузерот одвои многу време во вестите за ставовите и реакциите на партијата Македонска алијанса чии претседател е Ѓорѓија Џорџ Атанасоски и истовремено е и сопственик на ТВ Сонце. Вкупното време во изданијата на Вестите во 18 часот емитувани во периодот од 9 февруари до 31 март 2019 година, за партијата Македонска алијанса, беа издвоени 1 час 18 минути и 25 секунди, што е повеќе од вкупното време што го добија сите други политички партии и кандидати заедно, а кое изнесува 1 час 1 минута и 48 секунди. Исто така објасни дека во овој период вестите многу често започнуваа со ставовите и реакциите на Македонска алијанса како прва вест во дневникот. На ваков начин, медиумот беше искористен за да му биде дадена прекумерна видливост на политичкиот субјект Македонска алијанса, чиј претседател е сопственикот на телевизијата, односно не беше обезбеден еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања и не беше почитувано начелото за самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика. Во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор, имајќи предвид дека програмските начела се предмет на саморегулација се предлага Советот на Агенцијата да го прифати извештајот од надзорот и да донесе заклучок на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеи 9 и 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде едно дополнување поврзано со праксата што ја имаат, односно Извештајот заедно со заклучокот на Советот да се достави до саморегулаторното тело на понатамошна условно речено постапка кај нив.

Г-дин Петрушевски рече иако телевизијата е во сопственост на претседателот на партијата која била толку многу застапена, сепак тој има обврска кон јавноста кога ја формирал телевизијата. Тие принципи треба да ги почитува и за ваквото прекршување нема казнена политика. По тој основ ќе му се укаже писмено и ќе се достави извештајот како што кажал г-дин Фиданоски до Советот за етика на медиуми. Ова претставува една злоупотреба што и самите новинари и уредници во телевизијата ја прават и треба да му укажат на сопственикот, доколку имаат налог од него, дека ова не е во ред. Објасни дека и кога не е изборен период имал шанса да го гледа овој медиум и голем дел од програмата била посветена на сопственикот на медиумот. Затоа рече дека предлогот ќе го поддржи, ќе му се укаже на медиумот, а дали медиумот ќе се коригира ќе се види понатаму.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што е следено и констатирано и добро е што засега е единствен медиум кој толку екстремно емитува саморекламирање на сопственикот и неговата политичка партија, додека кај другите медиуми е поинаква состојбата. Единствено што би укажал е дека оваа констатација се кажува после еден месец и половина, можеби и два. Можеби би требало да се внимава со цел да бидат поефикасни и поефективни во смисла на времето. Доколку тоа се констатира во текот на една недела, 10 дена или еден месец, кај публиката е сторена штета во смисла на необјективно информирање, пристрасност кон една личност, и затоа требало да се реагира тогаш. Бидејќи Законот не овозможува во вакви случаи да се преземат поинакви мерки, барем да се упати укажувањето од Советот до јавноста, на веб страницата на Агенцијата, до самиот медиум, до Советот за етика на медиумите, до Здружението на новинари и тие да им укажат. Неговата забелешка до службата беше да може констатирањето и укажувањето да биде во пократок временски период доколку е можно. Знае дека Секторот за програмски работи со мониторингот на медиуми има многу работа во овој период, но онаму каде што е видлива една ваква екстремна неизбалансираност, да се реагира навреме. Го поддржува предлогот и добро е што сега се реагира на ваков начин.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека овој надзор е поврзан со надзорот по Изборен законик. По овој Закон не може да се зборува за неизбалансираност бидејќи во периодот пред кампања не можат да се применат принципите за баланс кој што се дадени во Изборен законик. Ова е констатирано кога се направи првиот пресек од периодот пред кампања, но не може да се изрече мерка по Изборен законик, затоа што во периодот пред кампања се`уште не се знаат кандидатите, не се потврдени и не може да се зборува за непочитување на принципите на неизбалансираност. Откога се сублимира и вториот извештај за периодот пред кампања и се виде дека медиумот не се коригирал, туку напротив целиот период пред кампања продолжил со истиот начин на емитување, Извештајот се подготви по ЗААВМУ во однос на професионалните стандарди, бидејќи не станува збор за прекршување на Изборен законик.

Советот на Агенцијата, врз основа на констатациите од Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2200/1 од 11.04.2019 година и во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година, на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, едногласно му упати писмено укажување за прекршување на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, имајќи предвид дека за прекршување на овој член нема законски предвидена мерка.

Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2200/1 од 11.04.2019 година на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, да се препрати до Советот за етика во медиумите.

Се задолжи Секторот за програмски работи да го изготви писменото укажување.

Г-дин Јанчески по гласањето, рече дека сака да предложи во иднина доколку има прекршувања по член 61 од ЗААВМУ, посебно да не се предлага извештајот да се доставува до Советот за етика на медиумите, туку тоа по автоматизам да оди или за сите или за ниеден.

Г-дин Петрушевски рече дека не би можела да се прифати постапката по автоматизам затоа што секој случај е посебен сам за себе.

Г-дин Јанчески рече дека неговиот предлог бил во насока за да Советот не биде селективен во одлучувањето.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува со тоа што го кажал г-дин Јанчески, укажувањата по член 61 од ЗААВМУ да се проследат до Советот за етика на медиумите, но има некои случаи кои веќе кај нив пристигнале и ги завршиле, па да не се прави дуплирање на процедурата.

Г-дин Јанчески рече дека тогаш тоа што до нив би се доставило би била дополнителна информација со која се согласил Советот.

**Точка 3**

**Разно**

Г-дин Петрушевски информира дека ќе се разгледува Барањето од ТВ Ускана Еден кој бара повлекување на прекршочната постапка, мерка која Советот ја донел на претходната седница. Во таа насока потсети дека членовите имаат добиено материјали и видео снимки за кои лично ја замолил службата да ги прати. Објасни дека снимките ги прегледал и ги проверил.

Г-дин Трајчевски објасни дека радиодифузерот прати допис до Агенцијата дека не се согласува со заклучокот дека се пречекорени лимитите за платено политичко рекламирање. Секторот за програмски работи ги провери наводите и истите беа презентирани на претставниците на телевизијата. Исто така информира дека имал и состанок со сопственикот на телевизијата. Објасни дека барањето го упатил и до Советот, и од таа причина треба да му се одговори.

Г-дин Јанчески праша што вели радиодифузерот во наводите, односно што не прифаќа од извештајот?

Г-дин Петрушевски рече дека тоа го има во материјалите по точката.

Г-дин Јанчески се согласи но побара да се објасни кое е клучното несогласување каде што тој смета дека не е така како што службата констатирала?

Г-дин Трајчевски објасни дека за еден кандидат е дозволено 4 минути платено политичко рекламирање, и за опозиција и за оние кои се на власт. Во преминитe на времето вели дека часовникот не се преклопува и дека ги мерел во друг реален час а не онака како што реално е. Исто така имаше еден спот кој го спореше дека воопшто не го емитувал, но на снимките се гледа дека спотот е емитуван.

Г-дин Петрушевски рече дека службата и Советот направија максимални напори да се проверат наводите и добро е што се провери затоа што сега дефинитивно е сигурен наодот што се констатира.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што е прегледано од сите аспекти, и директорот вложил напори и директно се сретнал со претставникот на медиумот и исто така и Секторот за програмски работи имал средба со претставниците на медиумот и во детали ги анализирале наводите. Овде нема можност за проценка и мислење туку мерењето на лимитите претставува математичка операција, се мери времето, минутите и секундите и се констатира колку е емитувано. Од тој аспект рече дека воопшто немал дилеми околу поддршката за мерката бидејќи тоа може повторно да се провери, да се оди на вештачење на тоа што е објавено од излезниот сигнал. Нивниот сигнал поради технолошките можности се снима во Агенцијата и од тука се направени снимките. Времето е мерено и се покажало дека лимитот за платено политичко рекламирање е надминат од дозволеното согласно Законот. Во таа насока не гледа зошто Советот се оптоварува со ова, бидејќи ова се факти и не може Советот поинаку да одлучува и да сака. Како поинаку Советот да одлучи кога времето за еден политички кандидат од 4 минути е надминат? Но од друга страна ова покажува дека Агенцијата и Советот се многу одговорни и сериозно пристапуваат во сите случаи, имајќи предвид дека секогаш Советот сака пред се едукативно да пристапи кон медиумите, колку пати се одржани обуки, колку пати самата службата им укажува, кога и да се јави било кој медиум службата ги советува во насока да не дојде до прекршок, да се почитува Законот. Но кога има вакви случаи неминовно е да се постапи вака што нерадо прават, бидејќи не сакаат медиумите да бидат казнувани, туку да се почитува Законот и да постапуваат во согласност со обврските кои произлегуваат од него. Од таа причина нема дилеми околу тоа што секторот го предлага.

Г-дин Петрушевски објасни дека точката е ставена под Разно од причина што радиодифузерот дописот го адресирал до директорот на Агенцијата и до Советот на Агенцијата. Од таа причина точката е ставена на седница за дискусија со предлог да се одбие Барањето и ќе го поддржи тој предлог. Математиката не може да се смени, Советот не ја толкува намерата зошто згрешил туку во Законот пишува 4 минути и за надминување на тој лимит мерката е таа.

Г-дин Јанчески рече дека го зачудува ова, бидејќи тој радиодифузер постои долго време и ова не е почетничка грешка. Веројатно не пресметал и затоа дошол и барал објаснување зошто тоа е така сторено од страна на Агенцијата. Тој сигурно следел и претходни избори и тогаш ги почитувал правилата. Зошто сега се јавува и реагира му е малку нелогично.

Г-дин Фиданоски рече бидејќи веќе еднаш зборувале за истиот радиодифузер, поентата на неговата дискусија од минатиот пат била токму ова што сега го направила Агенцијата. Без разлика што доставил Барање, бил повикан на разговор, му било укажано на лице место со докази во кој реален час се снимките. Законот на математиката и физиката вели дека еден ден во 4 години има престап кога земјата врти околу својата оска. Се пошегува дека 6 минути во 3 дена е малку преголема разлика, но веројатно часовниците не му биле наместени. Во секој случај рече дека ќе го поддржи предлогот ова барање да се одбие.

Г-дин Фетаи рече дека г-дин Фиданоски со неговата инспиративната дебата му дал инспирација да се вклучи повторно во дискусија. Тоа што зборува и често го повторува дека сите се обврзани да го почитуваат Законот, не е само поради Законот

кој преставува напишана хартија, туку крајната идеја е да се заштити публиката. Во овој случај гледачите биле необјективно информирани со политичкото рекламирање на еден кандидат и тоа повеќе од предвиденото време. Во таа смисла реакцијата е позитивна и едукативна до медиумот да внимава во иднина, да емитува спотови со максимално време но не и да ги надмине.

Г-дин Фиданоски рече дека го радува фактот што во досегашниот тек на кампањата има минимални испади на радиодифузерите, полека работите си доаѓаат на свое место по однос на изборното медиумско преставување. Во неофицијален контакт со негови колеги, тоа веројатно ќе го потврдат и г-дин Трајчевски и службата, информиран е дека тие претходно се советуваат со Секторот за да не погрешат што и како треба да се направи. Таквата постапка ја поздравува и ги охрабрува и понатаму така да дејствуваат со цел тие грешки да се сведат на минимум, и доколку ги има да бидат пред се технички а не суштински.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги едногласно го одби Барањето од ТВ Ускана Еден (наш бр. 03-2124/3 од 09.04.2019 година) за повлекување на прекршочната постапка за повреда на Изборниот законик.

Се задолжи Секторот за програмски работи да го подготви дописот за одбивање на Барањето од ТВ Ускана Еден за повлекување на прекршочната постапка за повреда на Изборниот законик.

**Бр. 02-2199/4**
**24.04.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**